ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК

Архивски знак
Рок на чување
25 година
Потпис

Арх.бр.04- 7741

Дата: 12.11.2026 година

Општина Демир Капија
ул."Маршал Тито" бр.15Б
Демир Капија

Тел. (043) 366 212
Е-пошта:
opstinadk@yahoo.com
www.opstinademirkapija.gov.mk

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 и став 3, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници "Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 249/26), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259/24), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во општина Демир Капија бр.09-526/1 од 05.07.2022 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Демир Капија бр.09-436/1 од 05.06.2023 година, Општина Демир Капија објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 1/2026
за унапредување на 1 (еден) административен службеник во
Општина Демир Капија

Општина Демир Капија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник на следното работно место:

Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој со шифра на работно место УПР0101Б04000 – (1) извршител

Кандидатите кои ќе аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните услови:

Општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

Стручни квалификации

Ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Архитектура, урбанизам и планирање или градежништво и водостопанство.

Работно искуство

Најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

Општи работни компетенции

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК

Архивски знак
Рок на чување
201_ година
Потпис

- ориентираност кон странките/засегнати страни,
- раководење, и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Положен испит за административно управување

Распоред на работно време:

- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време** од понеделник до петок, почеток помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата: 40.904,00 денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Демир Капија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место, како и:

- да е оценет со оценка „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 10 (десет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страниците на Општина Демир Капија и Агенцијата за администрација.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Демир Капија до Одделението за човечки ресурси, и до службената електронска адреса kontakt@opstinademirkapija.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Изготвил: Менча Петкова

Општина Демир Капија
Градоначалник
Наталија Димитриева

Арх.бр.04-

Дата: 12.11.2026 година

Општина Демир Капија
ул."Маршал Тито" бр.15Б
Демир Капија

Тел. (043) 366 212
Е-пошта:
opstinadk@yahoo.com
www.opstinademirkapija.gov.mk

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ

Податоци за кандидатот	
Име презиме	
Назив на последно работно место на кое што е распореден	
Сектор/Одделение	
Звање и шифра на работно место	
Контакт телефон	
Податоци за огласот	
Број на интерен оглас	
Назив на работно место за кое се пријавува кандидатот	
Сектор/Одделение	
Звање и шифра на работно место	
Работно искуство (евидентирано како работен стаж)	
Кон пријавата ги доставувам и следните документи:	
Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.	

_____2026 година

Административен службеник
Име и презиме

_____